РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-4366/1
24. 10. 2023 год.
ВЕЛЕС

ВЕЛЕС

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 124/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и "Службен весник на РСМ" 89/22, 171/22), Градоначалникот на Општина Велес, на ден 24.10.2023 година донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За изработка на **Детален урбанистички план Бензинска станица 034, Дел од УБ 23, УЕ 2, Општина Велес,** усогласено со одредбите од ГУП на Град Велес, 2003-2018, Изменување и дополнување на основна сообраќајна мрежа 2008-2018 и ажурираната геодетска подлога, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Како засегнати органи од имплементација на планскиот документ Детален урбанистички план Бензинска станица 034, Дел од УБ 23, УЕ 2, Општина Велес се следниве: Општина Велес, Министерство за животна средина и просторно планирање и Министерство за транспорт и врски.
3. Изработката на планскиот документ Детален урбанистички план Бензинска станица 034, Дел од УБ 23, УЕ 2, Општина Велес ќе има влијаније врз животната средина.
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземни и површински води, влијание врз почва, влијание по однос на генерирање на отпад, влијание врз квалитетот на амбиентниот воздух и влијание од несреќи и хаварии.
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Велес www.veles.gov.mk.
6. Донесувањето на планскиот документ опфаќа мала област од локално значење. Со изработка на Детален урбанистички план Бензинска станица 034, Дел од УБ 23, УЕ 2, Општина Велес треба да се овозможат услови за градба на објект, кој ќе овозможи позитивни ефекти со својата функција врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот. Со донесување на ДУП се создаваат услови за урбанизација, развој и напредок на населените места.
7. Против оваа Одлука може да се поднесе жалба преку овој орган до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на животна средина и просторно планирање, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната.

Со почит,

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС

Изработил: Даниела Петковска
Контролирал: Роза Здравева
Одобрил: Петре Цилаков

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Детален урбанистички план Бензинска станица 034, Дел од УБ 23, УЕ 2, Општина Велес. |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Одделение за урбанизам - Општина Велес |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник на Општина Велес |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Планерпотписник : Елена Андреева, дипл. инж. арх.<br>Планери/ Соработници: Богдан Настевски Герман, дипл. инж. арх.<br>м-р Елена Јовановска, дипл. инж. арх.<br>м-р Емилија Лелифановска, дипл. инж. арх. |
| Назив на работното место | Одговорни планери |
| Контакт податоци за лицето | ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија<br>Адреса: Булевар Кузман Јосифовски Питу 19/6-9<br>Поштенски фах 34, Скопје<br>Телефон: 2461-451 2461-571<br>e-mail: inpuma@t-home.mk |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Изработувањето и донесувањето на Деталниот урбанистички план да биде во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ бр.32/20 111/23“), Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23“) Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план надвор од населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко - плански документации и архитектонско - урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура („Сл. весник на РМ“ бр.142/15), како и со другата релевантна законска и подзаконска регулатива. | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да☒ Не☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| Со Деталниот урбанистички план се врши планско, програмско и нормативно усогласување на планскиот опфат со одредбите од ГУП на Град Велес, 2003-2018. Усогласувањето се однесува и за клучните плански одредби во Генералниот урбанистички план со кои се уредуваат планскиот опфат, намената на земјиштето и објектите, регулационите линии, односно примарната мрежа на сообраќајници и комунални инфраструктури, како и за сите други нумерички плански параметри во ГУП што се однесуваат на УБ 23, УЕ 2. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| Да, просторно и урбанистичко планирање | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да ☐ Не ☒ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Не. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Да, Предметниот плански опфат е со мала површина од 1,03ха. | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |
| Основна цел на Деталниот урбанистички план е да се изврши планско, програмско и нормативно усогласување на планскиот опфат со одредбите од ГУП на Град Велес, 2003-2018. Усогласувањето се однесува и за клучните плански одредби во Генералниот урбанистички план со кои се уредуваат планскиот опфат, намената на | | | |

| |
|---|
| земјиштето и објектите, регулационите линии, односно примарната мрежа на сообраќајници и комунални инфраструктури, како и за сите други нумерички плански параметри во ГУП што се однесуваат на УБ 23, УЕ 2.<br>Цел на изработувањето и донесувањето на Детален урбанистички план Бензинска станица 034, Дел од УБ 23, УЕ 2 Општина Велес е да се обезбедат услови за изградба и функционирање на објектите во рамки на опфатот. Со Деталниот урбанистички план потребно е да се преиспита сообраќајното решение, пешачките површини и површините за јавно зеленило и да се обезбеди повисок стандард на јавниот простор. Исто така да се создадат подобри услови во обезбедувањето на комуналните стандарди од областа на сообраќајот, водоснабдувањето, одведувањето на отпадните води, отстранувањето на цврстиот отпад, снабдувањето со енергија, електронските комуникации и сл. Со Деталниот урбанистички план да се предвиди и задржување на просторниот концепт на изградените објекти и да се обезбеди повисок стандард на зеленилото и на јавниот простор, да се дооформи сообраќајната инфраструктура и да се обезбеди пристап до секоја парцела, почитувајќи ги одредбите зададени со Генералниот урбанистички план. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| 5 години |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| / |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Границите на Градската четврт се дефинирани со ГУП на Град Велес, 2003-2018, со површина од 1,03ха, а се движи:<br>- На север по осовината на улицата „Академик Пенчо Давчев"<br>- На исток по осовината на улицата „Академик Пенчо Давчев"<br>- На запад по осовина на траса на железница Скопје - Велес.<br>Границата на планскиот опфат може да се опише и преку координатите на секоја прекршна точка, како што следи:<br>X= 4620188.1550 Y= 7565939.8192<br>X= 4620175.6034 Y= 7565932.7570<br>X= 4620171.2519 Y= 7565916.3438<br>X= 4620323.8250 Y= 7565877.5060<br>X= 4620373.3584 Y= 7565856.2243<br>X= 4620384.6395 Y= 7565884.5973<br>X= 4620385.9290 Y= 7565906.8445<br>X= 4620355.2253 Y= 7565930.9956<br>X= 4620343.0778 Y= 7565932.5476<br>X= 4620328.0521 Y= 7565933.3849<br>X= 4620328.0521 Y= 7565933.3849<br>X= 4620321.5320 Y= 7565934.0322<br>X= 4620306.4842 Y= 7565935.2902<br>X= 4620287.7283 Y= 7565936.5611<br>X= 4620269.5994 Y= 7565937.6829<br>X= 4620250.1834 Y= 7565939.5267 |

| |
|---|
| X= 4620243.6187 Y= 7565940.3641<br>X= 4620238.1300 Y= 7565941.7753<br>X= 4620217.1182 Y= 7565951.1296<br>X= 4620188.1550 Y= 7565939.8192<br> |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не ☒ |

| Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Од проектите што би се реализирале во рамките на планскиот опфат потенцијално ќе се јават влијанија во текот на изградбата и во текот на експлоатацијата. Во текот на изградбата влијанијата ќе бидат поврзани со загуба на зелени површини, зголемени емисии во воздухот, бучава, емисии во почва и води и создавање на цврст отпад (генерално градежен шут) како резултат на градежните работи. Во текот на експлоатацијата се очекува да се јават емисии во воздух, вода и почва. Можно е да се влијае на квалитетот на амбиентниот воздух заради манипулација на транспортни средства во рамките на планскиот опфат. Исто така може да се очекува зголемена бучава заради манипулација на транспортни средства. Можно е да се изврши загадување на почвата, површинските и подземните води од директно испуштање на санитарни и атмосферски отпадни води.Несоодветното управување со генерираниот отпад, испуштање на санитарно - отпадните води без претходен третман може да имаат влијание врз квалитетот на почвата, површинските и подземни води, како и неконтролираната бучава исто така може да влијаее врз животната средина. Додека инцидентното истекување и несоодветно обезбедување или необезбедување на локацијата може да предизвикаат сериозни и големи влијанија врз животната средина. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Времетрањето на влијанијата врз животната средина се краткотрајни особено во фаза на изградба и тоа: и во воздух, евентуално отпад , несакани инцидентни истекувања и сл. Влијанијата се краткотрајни, локални и со мал интензитет, единствено проемената на пределот е долготрајно влијание.<br>Во оперативна фаза очекувани се мали, локални влијанија од создавање на отпад кој зависи од потребите на вработените и посетеноста на клиентите, емисиите во воздух се долготрајни, со мал интензитет, а локални заради моменталната фрекцвенција на возилата кои имаат потреба од дотур на гориво.<br>Бучавата е исто така локална, долготрајна и со мал интензитет заради редуцирана (прилагодена) брзина со која што моторните возила пристигнуваат и ја напуштаат предметната локација.<br>Влијание на емисии во почва е можно заради несоодветното управување со емисиите на отпад и отпадни води генерирани во рамките на планскиот опфат и истите може да го нарушат нејзиниот квалитет. |

<table>
<tr><td></td><td>Инцидентното истекување може да биде со голем интензитет, а да предизвика долготрајно влијание врз животната средина.<br>На планскиот опфат не се евидентирани културно историски, природни и пејсажни карактеристики .</td></tr>
<tr><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето</td><td>Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животната средина , животот и здравјето на луѓето,</td></tr>
<tr><td>Прекугранична природа на влијанијата;</td><td>Нема.</td></tr>
<tr><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);</td><td>Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на природни непогоди, евентуални хаварии и истекувања.</td></tr>
<tr><td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).</td><td>Со последниот попис на населението во општина Велес во 2021 година се евидентирани 48.463 жители, Општина Велес е со мошне поволна местоположба лоцирана во централниот дел на државата.<br>Планскиот опфат му припаѓа на северо западниот дел на градот и претставува делумно изградено подрачје со дефинирани содржини на објекти за домување и инфраструктурни објекти.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Бензинската пумпна станица со придружни содржини на овој патен правец ќе предизвика позитивни имуплси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, како и економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување. Бензинската пумпна станица меѓу другото ќе овозможи развој на индустријата, од причини што транспортот е битен фактор за развој на производните дејности во смисла на обезбедување на повисока организација и интеграција на индустриските зони и комплекси, а бензинската станица како функција директно влијае врз квалитетот на транспортот преку услугите кои му ги обезбедува.<br>Поволната географска местоположба , добрите микроклиматски услови , добрата сообраќајна поврзаност, одат во прилог на реализиација на овој проект. Изведбата на планскиот опфат ќе овозможи позитивни ефекти со својата функционална содржина врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, комплетна уреденост на просторот.Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Областа со реализација на планираниот објект ќе добие зголемена вредност.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | На подрачјето на катастарска општина Велес се регистрирани следниве недвижни споменици на културата:<br>- Археолошки локалитет КАЛЕ Велес,<br>- Манастир св.Димитрија Велес од 1855 год.<br>- Партизански гробишта во двор на црква св.Пантелејмон Велес од 20 век,<br>- Спомен Костурницата Велес , 20 век,<br>- Фазил Ахмед - паша џамија Велес од 18 век,<br>- Црква Св.Ѓорѓи Велес од 19 век,<br>- Црква Св.Марко Велес од 14 век,<br>- Црква Св. Никола Велес од 14 век,<br>- Црква Св. Спас Велес од 1840 год.<br>Доколку при изведување на градежните активности се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи согласно постоечката законска регулатива (Закон за заштита на културното наследство - Службен весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и дасе извести надлежната институција з заштита на културното наследство. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Од предвидените плански содржини не се очекуваат значителни влијанија врз животната средина и надминувања на стандардите за квалитет на животната средина , ниту пак на граничните вредности. Влијанијата врз животната средина ќе бидат опфатени со Извештај за стратегиска оценка на влијанијата врз животната средина. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Реализирање на планот ќе придонесе кон интензивна употреба на земјиште - градежно земјиште и зголемување на % на градежно земјиште.<br>Во рамки на планскиот опфат намените одредени со ГУП на Град Велес, 2003-2018 се:<br>- БС - Бензинска станица и<br>- 33 - Заштитно зеленило<br>Согласно генералниот урбанистички план во рамки на планскиот опфат дозволено е планирање на намени:<br>Д - Зеленило и рекреација<br>Д2 - Заштитно зеленило<br>Е - Инфраструктура<br>Е1 - Комунална инфраструктура |

| | |
|---|---|
| | E2 - Комунална супраструктура (бензинска пумпна станица) |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Не се евидентирани. |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Со донесувањето на овој план ќе следат и поголеми странски и домашни инвестиции од различни сфери од економијата. Со Урбанистичкиот план се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа. Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани.

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):

Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти.

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:
(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)

Имплементацијата на планските содржини предвидени со планот со контролирани емисии во медиумите од животната средина ќе допринесе за стопански развој во општина Велес, од аспект на приходи од комунални такси и даноци, зголемено вработување и намалување на невработеноста и сл.

Но, од аспект на животната средина во оперативната фаза може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат мали влијанија врз медиумите од животната средина, односно:

Воздух: заради зголемена фрекфенција на возила од работни активности на објектот;

Бучава: заради зголемено ниво на бучава од превозните средства;

Вода: на предметната локација ќе се генерираат санитарни отпадни води од вработените.

Почва: Несоодветното управување со емисиите на отпад и отпадни води генерирани во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата.

Природно и културно наследство: во близина на предметната локација нема заштитени добра од културно и историско значење;

Пејсаж: Планскиот опфат не располага со карактеристичен природен пејсаж;

Транспорт: Зголемена фрекфенција на возила по регионалниот и локалниот пат;

| |
|---|
| Отпад: Генерирање на отпад.<br>Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:<br>- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;<br>- Допринос во локалната и национална економија |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Неправилно управување со отпадот, неправилно постапување со отпадните води од објектот, може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот. Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен развој при истовремена заштита на животната средина. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Планскиот опфат на Детален урбанистички план Бензинска станица 034, Дел од УБ 23, УЕ 2, Општина Велес е дефиниран со важечката планска документација:<br>- Генерален урбанистички план на Град Велес, 2003-2018 (Одлука бр.0701-2035/2 од 30.05.2016 г.),<br>- Генерален урбанистички план на Град Велес, Изменување и дополнување на основна сообраќајна мрежа 2008-2018 (Одлука бр.07-4887/1 од 07.10.2008 г.),<br>- Национален план за управување со отпад 2020-2030,<br>- Втор национален еколошки акционен план на РМ,<br>- 4-ти Национален акциски план за енергетска ефикасност (2020-2022),<br>- Програмата за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија до 2030 година ( Модернизација на постојните и изградба на нови бензински станици).<br>Изградбата на бензиската пумпна станица ќе биде во функција на развој и унапредување на инфраструктурната опременост на ова подрачје, а исто така има добра поставеност во однос на сообраќајните правци и текови во РМ.<br>Со цел предвидените активности во планскиот опфат да се одвиваат непречено, а од друга страна да се даде посебен осврт на заштитата на животната средина се донесува Одлука за спроведување на стратегиска оцена на животната средина. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>За планскиот опфат и блиското опкружување нема претходно спроведено стратегиска оцена. |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува |

| | | |
|---|---|---|
| стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Преку Извештај за Стратегиска оцена на животна средина ќе се дадат генерални мерки и насоки кои ќе влијаат врз подобрувањето на животната средина и здравјето на човекот. Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.<br>Овој проект спаѓа во Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина Прилог 1, XII – Транспорт и складирање, точка 4. Складирање и точење на гас, нафта и нафтени деривати за превозни цели (бензински пумпи и други точилници). | | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. | |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | | Градоначалник на Општина Велес<br>Марко Колев |
| Датум 24.10.2023<br>Место Велес | | М.П. |